# КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СОСТОЈБАТА СО ГОВОР НА ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ЈУЛИ - СЕПТЕМВРИ, 2023**

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

- **203** Говор на омраза поради етничка припадност
- **109** Говор на омраза по национална припадност
- **70** Говор на омраза поради сексуална ориентација и родов идентитет
- **53** Говор на омраза поради политичка припадност
- **20** Говор на омраза поради пол и род
- **12** Говор на омраза поради раса/боја на кожа
- **5** Излагање на подбив на претставници на меѓународни организации
- **4** Говор на омраза поради религија и религиско уверување
- **3** Излагање на подбив на претставници на странски држави
- **3** Говор на омраза поради социјално потекло
- **2** Говор на омраза врз основа на здравствена состојба
- **2** Говор на омраза поради интелектуална или физичка попреченост
- **1** Говор на омраза поради статус на бегалец или мигрант

## ЈУЛИ




- 55 Говор на омраза поради етничка припадност
- 28 Говор на омраза по национална припадност
- 27 Говор на омраза поради сексуална ориентација и родов идентитет
- 15 Говор на омраза поради политичка припадност
- 8 Говор на омраза поради раса/боја на кожа
- 6 Говор на омраза поради пол и род
- 1 Говор на омраза поради статус на бегалец или мигрант
- 1 Излагање на подбив на претставници на меѓународни организации

- Навредите и злонамерниот говор помеѓу двете најголеми етнички заедници ескалираше по објавената вест за наплатата на електрична енергија од страна на ЕВН во село Слупчане, каде што претежно живее албанско население.
- Веста и снимката за насилството на базенот во Штип придонесоа за ескалирање на навреди и групни клевети по претпоставена етничка припадност.
- Ксенофобичен и хомофобичен говор беше забележан на социјалните мрежи како резултат на анализата на политичката ситуација на државата и преговорите за влез во ЕУ.

Во Гостивар беше забележан графит со натпис „Смрт за шиптари“. Оваа содржина предизвикува омраза и поттикнува насилство, па Хелсиншкиот комитет подготви пријава до надлежните институции.

## АВГУСТ




- 104 Говор на омраза поради етничка припадност
- 48 Говор на омраза по национална припадност
- 20 Говор на омраза поради политичка припадност
- 19 Говор на омраза поради сексуална ориентација и родов идентитет
- 8 Говор на омраза поради пол и род
- 2 Говор на омраза поради религија и религиско уверување
- 2 Излагање на подбив на претставници на странски држави
- 2 Излагање на подбив на претставници на меѓународни организации
- 2 Говор на омраза поради раса/боја на кожа
- 2 Говор на омраза поради социјално потекло
- 1 Говор на омраза поради интелектуална или физичка попреченост

- Поставувањето на знамето на Голема Албанија по повод пречекот на косовскиот премиер и веста за отворањето на улица во Тетово од страна на Градоначалникот на Тетово, кога се веело знаме на Голема Албанија предизвика нетрпеливост помеѓу македонското и албанското население.
- Интензивен говор на омраза е забележан во дискурсот на социјалните мрежи како резултат на анализа на политичката ситуација на државата, најавените уставни измени и преговорите за влез во ЕУ.
- По поднесена претставка против Интегра - македонска конзервативна партија, за сторено вознемирување врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација донесе мислење со кое утврди вознемирување и препорача партијата да се извини за вознемирувачкиот говор, како и во иднина да се воздржи од јавни настапи кои во себе содржат вознемирувака содржина.

## СЕПТЕМВРИ




- 40 Говор на омраза поради етничка припадност
- 31 Говор на омраза по национална припадност
- 22 Говор на омраза поради сексуална ориентација и родов идентитет
- 11 Говор на омраза поради политичка припадност
- 6 Говор на омраза поради пол и род
- 2 Говор на омраза поради раса/боја на кожа
- 2 Излагање на подбив на претставници на меѓународни организации
- 2 Говор на омраза врз основ на здраствена состојба
- 2 Говор на омраза поради религија и религиско уверување
- 1 Излагање на подбив на претставници на странски држави
- 1 Говор на омраза поради социјално потекло

- Говорот на омраза врз основа на етничка припадност беше разгорен по веста за исцртаните натписи во Центарот на Скопје, на мостот ОКО со содржина ,,Big Albania", ,,Macedonians we will kill you", ,,No freedom Macedonia", ,,Albania Kosovo, за што Хелсиншки комитет поднесе кривична пријава до Основното јавно обвинителество за предизвикување омраза и раздор и нетрпеливост врз основ на етничка припадност.
- По објавената вест за фемицидот во Кочани, беа забележани вознемирувачки коментари кои повикуваат на дискриминација и насилство поради пол и род. Хелсиншки комитет подготви претставка до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

„Проектот е финансиран од Фондација - Отворено општество Македонија“.

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗАШТИТНИТЕ МЕХАНИЗМИ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ И ГОВОР НА ОМРАЗА

Содржината е единствена одговорност на авторите и на грантистот, и на ниту еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата и ставовите на Фондација - Отворено општество Македонија“.